# Пратеникот на исламот
# Мухамед, салаллаху алејхи ве селем



رسول الإسلام صلى الله عليه وسلم

( مقدوني )

بيان الإسلام
Bayan AL-Islam

10 شوال 1446

08/04/2025

# وسلم عليه الله صلى محمد الإسلام رسول

# Пратеникот на исламот – Мухамед, салаллаху алејхи ве селем

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

# Пратеникот на исламот – Мухамед, салаллаху алејхи ве селем

Ова е кратко резиме за Пратеникот на исламот, Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, во кое го објаснив, во кратки црти: неговото име, потекло, местото на живеење, брачниот живот, неговото пратеништво, она кон што повикуваше, знаци за неговото Веровесништво, неговиот шеријат (исламски закон) и ставот на неговите противници кон него.[1]

## 1. Неговото име, потекло и местото каде што се родил и го поминал детството.

Пратеникот на исламот е Мухамед ибн Абдулах ибн Абдулмуталиб ибн Хашим, од потомоците на Исмаил, синот на Ибрахим – (Аллаховиот мир нека е над нив). Аллаховиот Веровесник Ибрахим, алејхис-селам, дојде (и патуваше) од Шам за Мека, а со него беше и неговата жена Хаџера и нивниот син Исмаил кој сè уште беше во колевка.

Ги смести (и ги остави) во Мека по наредба на Возвишениот Аллах.

Кога израсна детето (Исмаил), Веровесникот Ибрахим, алејхис-селам се врати во Мека, па тој и неговиот син Исмаил – алејхимселам, ја изградија Ќабата – Светиот Храм, па, луѓето во голем број се населија околу него. Мека стана одредиште каде што пристигнуваа оние кои го обожуваа Аллах, Господарот на световите, имајќи за цел да го извршат хаџот.

Луѓето после тоа продолжија со векови да го обожуваат Возвишениот Аллах и исправно да веруваат во Него, верата на Ибрахим, алејхис-селам. Подоцна, се појавија девијации, со што состојбата на Арапскиот Полуостров се промени и стана како состојбата на другите места во светот, каде се појавија пагански дела, како: обожувањето на идоли, закопувањето на живи женски деца, зулумот над жените, лажниот говор, пиењето алкохол, промискуитетот, бесправното јадење на имотот на сирачињата, каматата и друго. Во ова место и во оваа средина се роди Пратеникот на исламот, Мухамед ибн Абдулах од лозата на Исмаил синот на Ибрахим (нека е Аллахов мир над сите нив), во 571. година по новата ера.

Неговиот татко умре пред неговото раѓање, а неговата мајка умрела кога имал шест години.

---

[1] Поради цели на преводот, се трудев секогаш споено да ги спомнувам овие два збора: „Пратеникот Мухамед“.

После тоа, за него се грижел неговиот стрико Ебу Талиб. Живеел како сирак, сиромашен. Јадел и заработувал од тоа што го работел со своите раце.

## 2. Благословен брак со благословена дама

Кога (Аллаховиот пратеник, алејхис-селам) имаше дваесет и пет години, се ожени со угледна дама од жените на Мека, а тоа е Хатиџа бинт Хувејлид (Аллах нека е задоволен со неа).

Со неа имаше четири ќерки и два сина. Неговите синови умреа уште во нивното детство.

Неговиот однос према неговата жена и фамилија бил со крајна љубезност и љубов, и заради тоа, неговата жена многу го засакала, а и тој исто така ѝ возвраќал со љубов, и не ја заборавил и после долги години од нејзината смрт.

Кога ќе колел овца, им го делел месото на другарките на Хатиџа (Аллах нека е задоволен со неа), како почит кон нив, и како доброчинство кон неговата жена, чувајќи ја љубовта кон неа.

## 3. Почетокот на објавата

Аллаховиот пратеник Мухамед, алејхис-селам, имаше возвишен карактер уште откако го создаде Возвишениот Аллах, и неговиот народ го нарекуваше: „искрениот“ и „доверливиот“.

Учествуваше со нив во благородни дела, а ги мразеше нивните идолопоклонички активности и не учествуваше во нив.

Кога наполни четириесет години, и додека беше во Мека, Возвишениот Аллах го избра да биде Пратеник.

Му дојде мелекот Џибрил, алејхис-селам, со почетните ајети на првата сура која е објавена од Куранот, а тоа се зборовите на Возвишениот Аллах: (اقْرَأْ بِاسْمِ رَبِّكَ الَّذِي خَلَقَ (1) خَلَقَ الْإِنسَانَ مِنْ عَلَقٍ (2) اقْرَأْ وَرَبُّكَ الْأَكْرَمُ (3) الَّذِي عَلَّمَ بِالْقَلَمِ (4) عَلَّمَ الْإِنسَانَ مَا لَمْ يَعْلَمْ (5)) *1. Читај во името на Господарот твој Кој создава, 2. го создава човекот од грутка крв. 3. Читај, а Најблагороден е Господарот твој, 4. Кој поучува со перо, 5. Кој го подучува човекот за она што тој не го знае.* (Поглавје Ел Алак: 1-5) Веднаш после тоа, дошол кај неговата жена Хатиџа (Аллах да е задоволен со неа), а неговото срце силно трепереше од страв.

Ја известил за тоа што му се случи, па таа го смирила и го тешела, и го однела кај нејзиниот братучед од стрико, Верака ибн Невфел, кој го примил христијанство и кој го читал Тевратот и Инџилот.

Хатиџа (Аллах да е задоволен со неа) му рекла: „О, братучеду, слушни го детето на твојот брат што има да ти каже.“

Верака го прашал: „О, синко на мојот брат, што е тоа што го виде?“ Аллаховиот пратеник, алејхис-селам, го извести за тоа што го видел и доживеал, на што Верака му рекол: *„Тоа е истиот мелек кој Аллах му го испрати*

*и на Муса, да имам среќа па да сум млад и жив до времето кога ќе бидеш протеран од твојот народ.“*

*Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, прашал: „Зарем тие ќе ме протераат?“*

*„Да“ – му одговори тој, – „никогаш не е дојден некој со нешто слично на ова со што си дојден ти, а да не му се спротивставиле. Ако го доживеам тој ден ќе те помогнам (со сета моја сила).“*[2]

Во Мека продолжи да му се објавува Куранот, кој Џибрил, алејхис-селам, му го доставуваше од Господарот на световите. Истиот му пренесуваше и детали од Пратеништвото.

Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, го повикуваше својот народ кон исламот, а тие му се спротивставија и се расправаа со него, дури му нудеа имот и власт, за возврат, тој да се откаже од пратеништвото (и неговата мисија), но тој сето тоа го одби.

Му зборуваа, како што им зборуваа главешините на нивните Пратеници пред него, дека е: маѓепсник, лажго и измислувач, непрестано го притискаа и го напаѓаа неговото благородно тело и ги прогонуваа неговите следбеници. Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, продолжи во Мека да повикува кон Возвишениот Аллах, а посебно за цел го имал периодот на хаџот, и сезонските пазари на Арапите, каде што се среќаваше со луѓето и им го презентираше исламот.

Не ги привлекуваше луѓето со овој свет ниту со власт, ниту ги застрашуваше со сабја, тој немаше власт, ниту беше крал.

На почетокот на неговиот повик и мисија, тој им објави предизвик, да дојдат со нешто слично на она со што дошол тој од Возвишениот Куран.

Останал и продолжил да ги предизвикува неговите противници, па поверуваа во него тие кои поверуваа од неговите благородни асхаби, Аллах нека е задоволен со сите нив.

Во Мека, Возвишениот Аллах го почести со голем ајет (и знак), а тоа е „Исра“ – ноќното патување до Кудс (Палестина), а потоа неговото воздигнување на небесата.

Познато е дека Возвишениот Аллах на небесата ги има воздигнато и Пратеникот Илјас и Месихот (Иса), Аллаховиот мир нека е над нив, како што е спомнато кај муслиманите и христијаните. Аллахиовиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на небесата ја прими наредбата од Возвишениот Аллах за намаз, и тоа е овој намаз кој денес го клањаат муслиманите петпати во текот на денот.

Во почитуваната Мека, исто така, му се случи и друг ајет (и доказ) а тоа е поделбата на месечината, која ја видоа и самите мушрици (идолопоклоници).

---

[2] Мутефекун алејхи – од Аиша, радијаллаху анха. Забележан е во Сахих ел-Бухари: (2) 1/7, и Сахих Муслим: (152) 1/139.

Неверниците од племето Курејш, го искористија секое средство да ги одвратат луѓето од него; коваа разни сплетки, и ги оддалечуваа луѓето од него. Упорно бараа да им донесе ајети и знаци (и натприродни работи), само за да се расправаат, а во суштина не сакаа да ја прифатат вистината. Освен тоа, побараа помош од евреите да ги снабдат со аргументи, кои ќе им бидат како помош во расправијата со него, и како би ги одвраќале луѓето од него.

Откако неверниците од племето Курејш продолжија со угнетувањето на верниците, Аллаховиот пејгамбер, салаллаху алејхи ве селем, им дозволи да се преселат во Абесинија, и им рече:

„Во неа има праведен владар, и кај него, никому неправда не му се чини.“ Тој беше христијански владар.

Па се иселија две групи за Абесинија. И кога пристигнаа мухаџирите во Абесинија, им ја претставија на владарот Ен-Неџашиј верата со која е дојден Аллаховиот пејгамбер, салаллаху алејхи ве селем;

Ен-Неџашиј го прими исламот и рече: „Се колнам во Аллах, дека ова (што му е објавено на Мухамед, алејхис-селам) и она со што дојде Муса, алејхис-селам, доаѓа од еден извор.“

Додека пак во Мека, Курејшиите продолжија да го угнетуваат Аллаховиот пејгамбер, алејхис-селам, и неговите асхаби.

Во тој период на аџилакот, во него поверува една група која дошла од Медина. Тие му се заколнаа на верност дека ќе го примат исламот и дека ќе го помогнат, кога ќе се пресели во нивниот град, кој се викал исто така и Јесриб.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, им дозволи на тие што останаа во Мека, да се преселат во Медина.

Па, тие се преселија и исламот се прошири во Медина, до таа мерка што не остана ниту една куќа а да не влезе исламот во неа.

Откако Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, помина во Мекка тринаесет години, повикувајќи кон Аллах, Возвишениот Аллах му дозволи да се пресели во Медина; па Аллаховиот пратеник, алејхис-селам, се пресели и продолжи да повикува кон Возвишениот Аллах, каде што постепено, продолжија да се објавуваат и прописите на исламот (и исламското законодавство).

Почна да ги испраќа и своите претставници кои со писма, до племенските владетели и кралеви, повикувајќи ги кон исламот.

Во групата на тие на кои им ипрати писмо беа: Римскиот крал, Персискиот крал и Египетскиот крал.

Во Медина се случи помрачување на Сонцето, по кое луѓето се преплашија, тоа се случи во истиот ден кога умре Ибрахим, синот на Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам. Па луѓето рекоа: „Помрачувањето на Сонцето се случи поради смртта на Ибрахим.“

Па Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, им рече: *Навистина,Сонцето и Месечината не се помрачуваат заради смртта на некого, ниту заради неговиот живот (и раѓање), туку тие се Аллаховите знаци на*

*Неговата моќ со кои Аллах ги заплашува своите робови.*[3] Доколку Аллаховиот Пратеник, алејхис-селам, бил лажго и измамник, тој би ја искористил оваа ситуација да ги заплаши луѓето, за да не го сметаат за лажго, па би им рекол:

„Навистина, помрачувањето на Сонцето се случи поради смртта на мојот син, па што ли ќе биде со тие кои ме сметаат за лажго (и кои ме негираат).“

Возвишениот Аллах го украси Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со совршен морал, и го опиша со Неговите зборови: (وَإِنَّكَ لَعَلَىٰ خُلُقٍ عَظِيمٍ) *„Бидејќи ти навистина имаш најдобар карактер.“* (Сура Ел Калем: 4) Беше опишан со сите убави својства, како што се: вистинитост, искреност, храброст, праведност, исполнување на договорите па дури и спрема неговите непријатели, и дарежливост.

Сакал да им дава садака на сиромашните, бедните, вдовиците и на тие кои имале потреба.

Се трудел да бидат упатени на Правиот пат, бил милостив и скромен кон нив, до таа мерка што, кога би дошол некој непознат странец да го бара Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и ги прашувал неговите асхаби, додека тој бил меѓу нив, па не би можел да го препознае (од толку што бил скромен и едноставен), па тој странец би прашал: „Кој од вас е Мухамед?“

Неговата биографија беше знак за совршеноста и благородноста во неговото однесување кон сите: кон непријателите и пријателите, кон блиските и далечните, кон големите и малите, кон мажите и жените, и кон животните и птиците.

Откако Возвишениот Аллах му ја усоврши верата, и откако Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, совршено ја пренесе неговата (пратеничка) мисија, тој умре на шеесет и три години од неговиот живот; од нив, четириесет години беа пред неговото пратеништво, а дваесет и три години беа како Пејгамбер и Пратеник. Тој, салаллаху алејхи ве селем, е закопан во Медина, а зад себе не оставил богатство ниту некакво наследство, освен неговата бела маска која ја јавал, и земјата која ја оставил како садака за патниците.[4]

Голем беше бројот на тие кои го примаа исламот, кои поверуваа во него и кои го следеа. Повеќе од сто илјади асхаби со него го извршија аџилакот, на прошталниот аџилак, кој беше отприлика три месеци пред неговата смрт. И можеби ова е една од тајните за зачувувањето и ширењето на неговата вера.

Неговите асхаби, кои ги подучил со исламските вредности и неговите правила, се најдобрите асхаби во праведност, аскетизам, побожност, верност и жртвување за оваа возвишена вера во која тие поверуваа.

[3] Сахих Муслим (901)

[4] Сахих Ел-Бухари (4461) 6/15.

Најдобрите негови асхаби, Аллах да е задоволен со сите нив, во поглед на верувањето, знаењето, праксата, искреноста, убедувањето, жртвувањето, храброста и дарежливоста се: Ебу Бекр ес-Сидик, Омер ибн ел-Хатаб, Осман ибн Афан и Али ибу еби Талиб, Аллах да е задоволен со нив.

Тие беа меѓу првите кои поверуваа во него и кои ја потврдија неговата вистинитост. Исто така беа и негови халифи после него, кои го понесоа бајракот на неговата вера после неговата смрт. Меѓутоа, тие немаа никакви карактеристики на Пратеник, ниту пак, Аллаховиот пратеник ги одликуваше со некои посебни одлики над останатите негови асхаби, Аллах да е задоволен со нив.

Возвишениот Аллах ја сочува неговата Книга која му се објави, и неговиот Сунет, биографија, неговите зборови и дела, на неговиот јазик со кој зборуваше. Па, не е зачувана нечија биографија, низ историјата, како што е зачувана биографијата на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Дури е зачувано како спиел, јадел, пиел и се смеел. Запомнето е и како се однесувал со својата фамилија, внатре во неговата куќа. Сите негови положби и ситуации се зачувани и забележани во неговата биографија. И тој беше само човек, Пратеник, кој немал никакви одлики на божество, ниту можел самиот себеси некаква корист да си стори, ниту од себеси некаква штета да отстрани.

# 4- Неговата пратеничка мисија

Возвишениот Аллах го испрати Мухамед ,салаллаху алејхи ве селем, откако ширкот (многубоштвото), куфрот и џехлот (незнаењето) ги опфатија сите делови на Земјата, така што, на површината на Земјата немаше некој кој Го обожува Возвишениот Аллах, не припишувајќи Му никого за здруженик, освен малкумина кои преостанаа од следбениците на Книгата.

Во таа ситуација Возвишениот Аллах го испрати Неговиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, како печат на Пратениците и Веровесниците. Го испрати со упатство и права вера за сите светови; да ја воздигне над сите други вери, и да ги извади луѓето од темнината на идолопоклонството, куфрот и џехлот, кон светлината на тевхидот и иманот.

Неговото Пратеништво е дополнение на Пратеништвата на претходните Веровесници, нека е Аллаховиот спас и мир над сите нив.

Повикувал кон сето она кон што повикувале другите Веровесници и Пратеници, алејхимус-селам: Нух, Ибрахим, Муса, Сулејман, Давуд и Иса – од верувањето дека вистинскиот Господар е Аллах, Создателот, Оној кој снабдува, Кој оживува, Кој усмртува, Кој ја поседува сета власт, и Оној Кој управува со сѐ, Кој е Милосрден и Милостив, и дека Аллах е Создателот на сѐ што постои во универзумот, она што го гледаме и она што не го гледаме, и сѐ што е друго освен Аллах е создание од Неговите созданија.

Како што повикувал кон тоа да се обожува само Возвишениот Аллах, Единиот, и да се остави обожувањето на некој друг освен Него. Објаснил, на

најдобар можен начин, дека Возвишениот Аллах е Еден, Тој нема придружник во Неговото обожување, власт, создавање и управување.

Објаснил дека Возвишениот Аллах не родил и не е роден и никој не Му е рамен, и дека не се отелотворува во некое од Неговите созданија (туку е одвоен од нив).

Повикувал кон верување во Божјите Книги, како што беа листовите на Ибрахим и Муса, алејхимас-селам, и во Тевратот, Зебурот и Инџилот. Како што, исто така, повикувал кон верување во сите Пратеници, алејхимус-селам, и сметал дека секој кој ќе негира па макар еден Веровесник, тој ги негира сите други Веровесници.

Сите луѓе ги израдува со Аллаховата милост, и (ги извести) дека Возвишениот Аллах е Оној Кој ги снабдува на овој свет со доволност, и дека Аллах е Вистинскиот Господар, Милостивиот.

Тој Единиот ќе им пресуди на Неговите створенија на Судниот ден, кога сите ќе ги оживее од нивните гробови.

И Тој е Оној кој ќе ги награди верниците за нивните добри дела; со десетпати повеќе за само едно направено добро дело, а за едно направено лошо дело им го пресметува како едно, и ним им припаѓа трајното уживање на Ахиретот.

А кој нема да верува, и ќе прави лоши дела, ќе ја добие својата казна и на овој свет и на Ахиретот.

Аллаховиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, во неговата пратеничка мисија, никогаш не го величал неговото племе, ниту неговата земја, ниту својата благородна личност. Всушност, во благородниот Куран, имињата на Веровесниците Нух, Ибрахим, Муса и Иса, алејхимус-селам, се повеќе споменети, отколку што е споменато неговото име. Ниту е споменето во Куранот, името на неговата мајка, ниту имињата на неговите жени. А додека во Куранот е споменето името од мајката на Муса повеќепати, и спомната е Мерјем, алејхас-селам, триесет и петпати.

Аллаховиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, е непогрешлив (и заштитен) од сѐ она што е во спротивност на шеријатот, разумот и природноста, или она што здравиот морал го одбива; затоа што Пејгамберите, алејхимус-селам, се непогрешливи во она што го доставуваат од Возвишениот Аллах, и затоа што тие се задолжени за доставување на Аллаховите наредби до Неговите робови. Аллаховите Пејгамбери немаат никакви особини на рубубијјет (господарство) ниту на улухијјет (божественост); туку тие се инсани како останатите луѓе, Аллах ним им објавува и ги задолжува со пратеничка мисија.

Еден од најголемите докази дека Пораката на Аллаховиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, е објава од Возвишениот Аллах, е тоа дека, таа постои до ден денешен, како што беше во времето на неговиот живот.

Ја следат повеќе од една милијарда муслимани,[5] и ги практикуваат нејзините шеријатски должности, како што е намазот, зекатот, постот, хаџот и други, без никакви промени и искривувања.

## 5- Ајети, знаци и докази за неговата пратеничка мисија

Возвишениот Аллах ги поткрепува Веровесниците со ајети и знаци кои укажуваат на нивните веровесништва, и им дава докази и аргументи кои сведочат за нивните пратенички мисии.

На секој Пратеник, Возвишениот Аллах му дал ајети и знаци кои се доволни за луѓето да веруваат во нив.

Од најголемите ајети кои им се дадени на Веровесниците, се ајетите на нашиот Пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем; Возвишениот Аллах му го даде благородниот Куран, кој е постојан ајет и знак, кој ќе остане сè до судниот Ден.

Исто така, Возвишениот Аллах го поддржа својот Пратеник и со други големи ајети (натприродни појави), а ајетите на Аллаховиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем се многу, од нив:

Ел Исра Вел Мираџ (Ноќното патување во Палестина и воздигнувањето на небесата), преполовувањето на Месечината, честото паѓање на дожд откако ќе го замолел својот Господар за да ги напои луѓето по сушата која ги погодила.

Зголемување на мала количина храна и вода, од која јаделе и пиеле голема маса на луѓе.

Известувал за некои непознати случки од минатото, за кои никој не ги знаел деталите, така што Аллах го известил за нив, како што се кажувањата за Пејгамберите, алејхимус-селам, со нивните народи, како и случката со луѓето од пештерата.

Исто така нè известил и за непознати идни случки, кои се случија отпосле, како што Аллах го известил за нив, како што е веста за огнот кој ќе се појави од Хиџаз, кој го видоа луѓето кои беа во Шам. Таква вест е и натпреварувањето на луѓето во градењето на високи градби.

И тоа што Аллах му беше доволен нему, и негова заштита од луѓето.

Остварувањето на сите ветувања кои им ги вети на неговите асхаби, како што е спомнато во овој негов говор: *„Вие навистина ќе ги освоите Персија и Рим, и навистина, ќе ги трошите нивните блага на Аллаховиот пат.“*

Возвишениот Аллах го поддржа со мелеците.

[5] Според повеќе веродостојни извори, бројот на муслиманите во 2025. година изнесува повеќе од две милијарди од вкупно осум милијарди жители на планетата. (Забелешка на уредникот)

Веровесниците, алејхимус-салату вес-селам, им давале радосни вести на нивните народи за (доаѓањето на) Пратеникот Мухамед, саллаллаху алејхи ве селем.

Од тие кои им даваа такви вести беа: Муса, Давуд, Сулејман, Иса, и други пратеници од синовите Исраилови, алејхимус-селам.

И (Возвишениот Аллах) го поддржа со разумни докази и одредени примери[6] на кои им се покоруваат здравите разуми.

Овие ајети, и разумни докази и примери, се многубројни во благородниот Куран и во Сунетот на Пратеникот, алејхис-селам, повеќе од колку што можат да се избројат. Кој сака да сознае нешто повеќе за нив, нека го разгледа Благородниот Куран, книгите на хадиси (кои го забележуваат Сунетот) и биографијата на Пратеникот, алејхис-селам. Па во нив има сигурни информации за овие знаци.

Кога не би се случиле овие возвишени ајети (и знаци), тогаш неговите непријатели: неверниците од Курејшиите, и од евреите и христијаните, кои беа на Арапскиот Полуостров, ќе најдоа прилика да го негираат и да ги опоменуваат луѓето од него.

Благородниот Куран е книга која Возвишениот Аллах му ја објави на Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, и тоа е говор на Господарот на сите светови. Возвишениот Аллах ги предизвика сите луѓе и џини, да дојдат со нешто слично на Куранот, или само со една Сура слична на него, и овој предизвик останува до денешен ден.

Овој Куран одговара на многу важни прашања, кои збунуваат милиони луѓе. До денешен ден е сочуван на арапски јазик, на кој јазик и е објавен, и од него не недостига ниту една буква. Тој е испечатен и распространет.

Куранот е највеличествена и извонредна книга која им е објавена на луѓето, која е достојна да се чита, или да се чита преводот на нејзиното значење.

Кој ќе го пропушти неговото изучување и верување во него, тој го пропуштил сето добро. Како што и Сунетот на пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, неговиот патоказ и неговата биографија се зачувани и пренесени преку низа доверливи пренесувачи. И тие се отпечатени на арапскиот јазик, на јазикот на кој зборувал пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, како да живее помеѓу нас, а исто така се преведени на многу други јазици.

Благородниот Куран и Сунетот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, се единствениот извор за исламските прописи и закони.

---

[6] Како што се зборовите на Возвишениот Аллах: „О, луѓе, еве ви се наведува еден пример, па послушајте го (и размислете за него): Тие што, покрај Аллах, ги молите, не можат никако ни една мува да создадат, па дури и поради неа да се соберат. А ако мувата нешто би им одзела, тие тоа не би можеле од неа да го вратат, слаб е тој што бара и тоа што се бара.“ (Сура Ел-Хаџ: 73)

# 6 - Шеријатот со кој е испратен пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем

Шеријатот со кој е испратен пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, е шеријатот на исламот, и е печат на сите божествени закони и пораки. Тој се совпаѓа, во своите основи, со шеријатите (законите) на претходните пратеници, иако се разликуваат нивните прописи и форми.

Тоа е шеријат на совршеност, важечки за секое време и место. Во него има корист за верата на луѓето и за нивниот дуњалук, и ги содржи сите ибадети со кои се обврзани луѓето спрема Аллах, Господарот на световите, како што е намазот и зекатот. Им ги разјаснува финансиските, економските, социјалните, политичките, воените и еколошките односи, вклучувајќи ги дозволените и забранетите аспекти, како и сè друго што е потребно за нивниот живот и за животот на оној свет.

Овој шеријат ги штити: верата на луѓето, нивната крв, чест, имот, разум и нивното потомство. Тој опфаќа секоја доблест и добрина, и опоменува од секоја неморална работа и зло. Повикува кон (чување на) човечкото достоинство, и кон умереност, правда, искреност, чистота, совршеност и љубов, и посакување добро за сите луѓе, спречување на крвопролевање, и мир во татковините. И забранува бесправно застрашување и малтретирање на луѓето. Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, водел борба против тиранијата и нередот во сите нивни облици, и бил против суеверието, изолацијата и монаштвото.

Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, објасни дека Возвишениот Аллах го почестил човекот – и мажот и жената – и му ги загарантирал сите права.

Тој го направил човекот одговорен за своите избори, дела и постапки, носејќи одговорност за сè што му нанесува штета на самиот себеси или на другите.

Мажот и жената ги изедначи во поглед на верувањето, одговорноста, наградата и казната.

И во овој шеријат се дава посебна грижа за жената како мајка, сопруга, ќерка и сестра.

Шеријатот со кој е дојден Аллаховиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, се стреми кон заштита на разумот и забранува сè што го расипува, како што е консумирањето алкохол.

Исламот ја смета религијата за светлина што го осветлува патот на разумот; за да може човекот да го обожува својот Господар со доказ и знаење.

Исламскиот шеријат му дава високо значење на разумот, правејќи го основа за одговорност и обврска, и го ослободува од оковите на суеверијата и идолопоклонството.

Исламскиот шеријат ја цени исправната (и корисна) наука, и поттикнува на научни истражувања кои се чисти од пристрасност (следење на страстите). Повикува кон разгледување и размислување за самиот себеси и универзумот. Вистинските научни откритија и факти, не се, и не можат да бидат во спротивност со она со што е дојден Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селем.

Во шеријатот нема дискриминација меѓу различни групи луѓе, ниту пак постои предност за еден народ над друг, туку сите се еднакви пред неговите прописи; бидејќи сите луѓе во својата основа се исти, нема предност на една раса над друга раса, ниту на еден народ над друг народ, освен со богобојазливост. Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, нè известил дека секое новороденче се раѓа во чиста природност (да не обожува никого друг освен Аллах), и никој од луѓето не се раѓа со грев или како наследник на гревот на некој друг.

Во исламскиот шеријат Возвишениот Аллах пропишал тевба (покајание), а тоа е: враќање на човекот кон својот Господар и откажување од гревот. Исламот ги поништува гревовите што биле направени пред него, и покајанието ги брише гревовите што биле направени пред него, затоа нема потреба човек да ги признава своите гревови пред друг човек, бидејќи во исламот врската помеѓу човекот и Возвишениот Аллах е директна, па затоа немаш потреба за никого да биде посредник помеѓу тебе и Возвишениот Аллах. Исламот ни забранува другите луѓе да ги сметаме за богови, или за еднакви со Возвишениот Аллах во Неговиот рубубијјет (господарство) или улухијјет (божественост).

Шеријатот со кој е дојден Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, ги дерогира сите претходни шеријати (верски закони), затоа што, исламскиот шеријат со кој е дојден Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, од Возвишениот Аллах, е последен закон до Судниот ден и е наменет за сите луѓе; затоа, тој ги дерогира претходните закони, исто како што претходните закони се дерогирале меѓусебно. Возвишениот Аллах не прифаќа друг шеријат освен исламскиот шеријат, и не прифаќа друга вера освен исламот со кој е дојден Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем. Тој што ќе прифати друга вера освен исламот, нема да му биде прифатена. Кој сака да дознае детали за прописите на овој шеријат, нека ги побара во автентичните книги што го објаснуваат исламот.

Целта на исламскиот шеријат – како што е и целта на сите божји објави – е вистинската вера да го издигне човекот така што ќе биде искрен роб на Возвишениот Аллах, Господарот на световите, и ќе го ослободи од робување и покорност кон луѓето, материјата и од суеверијата.

Исламскиот шеријат е соодветен за секое време и место, и нема ништо што се коси со вистинските интереси на човекот, бидејќи тој е објавен од Возвишениот Аллах, кој ги знае потребите на луѓето. Луѓето имаат потреба од правилен закон во својата суштина, закон кој не противречи на самиот себе, кој е корисен за човештвото, и не е креиран (или воведен) од човекот,

туку е добиен од Возвишениот Аллах, кој ги упатува луѓето по патот на доброто и праведноста. Кога луѓето ќе се придржуваат кон него, нивните работи ќе се средат, и тие ќе бидат поштедени од неправдите што си ги нанесуваат едни на други.

## 7- Ставот на неговите противници кон него е всушност и нивното сведоштво за него

Нема сомнеж дека секој Пратеник имал противници кои му се спротивставувале, стоеле на патот на неговото повикување и ги одвраќале луѓето од верувањето во него. И Пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, имал многу противници за време на својот живот и по неговата смрт, но Возвишениот Аллах му дарувал победа над сите нив. Има бројни изјави и сведочења на многумина од нив, во минатото и во сегашноста, признавајќи дека тој е Пратеник и дека е дојден со истото она, со кое биле пратени и претходните Пратеници, Аллахов мир и благослов нека е над сите нив. Тие знаат дека тој е на Правиот пат, но многумина од нив ги спречуваат различни пречки да поверуваат во него, како што се љубовта кон власта, стравот од заедницата или загубата на богатството што го стекнуваат од своите позиции.

Благодарение на Аллах, Господарот на световите.

Напишано од проф. д-р Мухамед бин Абдулах ес-Сухејм
Поранешен професор по теологија на Одделот за исламски студии
Педагошки Факултет, Универзитет „Крал Сауд“
Ријад, Кралство на Саудиска Арабија.

**Содржина**

Пратеникот на исламот – Мухамед салаллаху алејхи ве селем .......................3
1- Неговото име, потекло и местото каде што се родил и го поминал детството. ..........................................................................................................3
2- Благословен брак со благословена дама....................................................4
3- Почетокот на објавата ..........................................................................4
4- Неговата пратеничка мисија ..................................................................8
5- Ајети, знаци и докази за неговата пратеничка мисија.................................10
6 - Шеријатот со кој е испратен пратеникот Мухамед, салаллаху алејхи ве селем....................................................................................................12
7- Ставот на неговите противници кон него е всушност и нивното сведоштво за него ..............................................................................................14


محمد رسول الله